**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-3

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ЕБ Ерсте Банк Интернационале Бетајлигунген ГмбХ (EB Erste Bank Internationale Beteiligungen GmbH) со седиште на ул. Белведере 1, 1100 Виена (Am Belvedere 1, 1100 Vienna), Австрија, преку полномошник адвокат Андреа Лазаревска од Скопје, на седницата одржана на ден 30.01.2019 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која ЕБ Ерсте Банк Интернационале Бетајлигунген ГмбХ (EB Erste Bank Internationale Beteiligungen GmbH) со седиште на ул. Белведере 1, 1100 Виена (Am Belvedere 1, 1100 Vienna), Австрија стекнува контрола над ВГ ПРОЕКТИРАЊЕ, инвестирање ин инженеринг д.о.о. (WG PROJEKTIRANJE, investiranje in inženiring d.o.o.) со седиште на ул. Јурчкова цеста 223, 1000 Љубљана (Jurčkova cesta 223, 1000 Ljubljana), Словенија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, (Службен весник на Република Македонија бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/16), на ден 10.01.2019 година а дополнето на 11.01.2019 година и 16.01.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) прими Известување за

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

концентрација со која ЕБ Ерсте Банк Интернационале Бетајлигунген ГмбХ (EB Erste Bank Internationale Beteiligungen GmbH) со седиште на ул. Белведере 1, 1100 Виена (Am Belvedere 1, 1100 Vienna), Австрија стекнува екслузивна контрола над ВГ ПРОЕКТИРАЊЕ, инвестирање ин инженеринг д.о.о. (WG PROJEKTIRANJE, investiranje in inženiring d.o.o.) со седиште на ул. Јурчкова цеста 223, 1000 Љубљана (Jurčkova cesta 223, 1000 Ljubljana), Словенија, преку купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото и дополнувањата, го утврди следното:

**ЕБ Ерсте Банк Интернационале Бетајлигунген ГмбХ** е трговско друштво што припаѓа на Ерсте Групацијата на компании (*Erste Group of companies*), во целосна сопственост на Ерсте Груп Банк АГ ЕГБ (*Erste Group* Bank AG). Групацијата Ерсте (*Erste Group*) е еден од најголемите даватели на финансиски услуги во Централна и Источна Европа. Групацијата Ерсте е активна во давање банкарски услуги на приватни и корпоративни клиенти, како и во давање други финансиски услуги како што се плаќања, управување со готовински средства, препораки за клиенти, услуги за старателство на финансиски инструменти за сметка на други лица (*custody services*), финансирање на трговија и извоз, управување со средства, активности на пазари на капитал и брокерство и услуги за глобално извршување (*global execution services*). Операциите на Групацијата се поделени на шест деловни сегменти: (i) Малопродажба; (ii) Корпорации; (iii) Пазари на Групацијата; (iv) Управување со средства/обврски и локален корпоративен центар (*Asset/Liability Management & Local Corporate Center (ALM & LCC)*);(v) Штедилници и (vi) Корпоративен центар на Групацијата (*Group Corporate Center (GCC)*).

Групацијата Ерсте ги има следните зависни друштва во Република Македонија:

- Шпаркасе Банк Македонија АД Скопје со седиште на ул. Македонија бр. 9/11, Скопје – Центар и предмет на работење: друго монетарно посредување (главно нуди широка палета на банкарски услуги на поединци и бизниси во Македонија);
- Шпаркасе Лизинг ДОО Скопје со седиште на ул. Македонија бр. 9/11, Скопје – Центар и предмет на работење: финансиски лизинг (активно во давање финансиски лизинг на своите клиенти и давање на оперативен лизинг и услуги за "продажба и повратен закуп");
- С-АМЦ 1 ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Македонија бр. 9/11, Скопје – Центар и предмет на работење: купување и продажба на сопствен недвижен имот (активно во управување со инвестициски проект; по продажбата на сите станови, ова трговско друштво ќе биде ликвидирано)
- Дајнерс Клуб Интернационал Мак ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Кеј 13-ти ноември ГТЦ бр. 2-2 / Скопје-Центар и предмет на работење: останати деловни

помошни услужни дејности, неспомнати на друго место (активно во издавање на платежни картички Дајнерс Клуб).

**ВГ ПРОЕКТИРАЊЕ, инвестирање ин инженеринг д.о.о.** врши дејност управување со трговски центар во Велење, Словенија, познат под името НЦ Велењка (*NC Velenjka*). ВГ ПРОЕКТИРАЊЕ, инвестирање ин инженеринг д.о.о. го генерира целиот свој обрт на територијата на Словенија.

ВГ ПРОЕКТИРАЊЕ, инвестирање ин инженеринг д.о.о. не е активно во Република Македонија односно нема свои зависни друштва.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Д-р Владимир Наумовски**